МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Скопје, Декември 2022 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 143/19 и 14/20), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-11933/2 од 01.12.2015 година, бр. 04-11314/3 од 08.12.2015 година, бр. 04-2753/2 од 20.02.2016 година, бр. 04-5362/2 од 13.06.2016 година, бр. 04-6948/1 од 11.07.2016 година, бр. 04-8800/3 од 29.09.2016 година, бр, 04-10445/1 од 01.12.2016 година, бр. 04-994/1 од 01.02.2017 година, бр. 04-2947/1 од 11.04.2017 година, бр. 04-5497/1 од 31.07.2017 година, бр. 04-2591/1 од 03.02.2018 година, бр. 04-5444/1 од 26.04.2018 година, бр. 04-6112/1 од 17.05.2018 година, бр. 04-8025/3 од 03.08.2018 година, бр. 04-9996/2 од 06.11.2018 година, 04-7601/1 од 18.07.2019 година, 04-10416/1 од 18.10.2019 година, бр. 04-10904/1 од 31.10.2019 година, бр. 04-12588/3 од 19.12.2019 година, бр. 04-12851/1 од 23.12.2019 година, бр. 04-6984/1 од 23.09.2020 година, бр. 04-369/1 од 11.01.2021 година, бр. 04-1488/1 од 02.02.2021 година, бр.04-4634/3 од 29.04.2021 година, бр. 04-7378/2 од 14.09.2021 година, бр. 04-2523/3 од 10.02.2022 година, бр. 04-5292/2 од 29.04.2022 година, бр. 04-9266/1 од 16.09.2022 година, бр. 04-12767/2 од 02.12.2022 година.

### Член 2

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 92, шифра УПР 01 01 Б02 000 Раководител на сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД) во делот на вид на образование зборовите „Економски науки, Правни науки, Лозарство" се заменува со зборовите „Земјоделски и ветеринарни науки".

### Член 3

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 92-а, шифра УПР 01 01 Б03 000 Помошник раководител на сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД) во делот на вид на образование зборовите„ Правни науки, Економски науки, Ветеринарна медицина" се заменува со зборовите „Земјоделски и ветеринарни науки".

### Член 4

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 93, шифра УПР 01 01 Б04 000 Раководител на Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите во делот на вид на образование зборовите „Економски, Правни науки, Добиточно производство (сточарство)" се заменува со зборовите „Земјоделски и ветеринарни науки".

Член 5

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 94, шифра УПР 01 01 В01 000, називот на работното место „Советник за програмирање и проценка на ИПАРД фондови„ се менува и гласи: „Советник за програмирање на ИПАРД фондови" а во делот Вид на образование зборовите „Ветеринарна медицина, Шумарство и хортикултура" се заменуваат со зборовите „Земјоделски и ветеринарни науки".

Член 6

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите во табеларниот приказ на работни места по работното место со реден број 94, се додава ново работно место со реден број 94-а со шифра УПР 01 01 В01 000 - Советник за проценка на ИПАРД фондови кое гласи:

| 5.0 СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕТПРИСТАПНИ ФОНДОВИ НА ЕУ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ (ИПАРД) | |
|---|---|
| 5.1 Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите | |
| Реден број | 94-а |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | Советник за проценка на ИПАРД фондови |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Општествени науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Анализа и следење на состојбите за користење на инструментот за претпристапна помош на ЕУ за рурален развој. |
| Работни задачи и обврски | –Изготвува предлози и мислења, предлог програмски документ за користење на претпристапната помош на ЕУ за рурален развој и предлог за измени и дополнување на Програмата со Внатрешните процедури за работа и прирачниците на Европската Комисија и критериумите и механизмите за управување со програмите за рурален развој во ЕУ,<br>–Го координира процесот на проценка (евалуација) и изработува проектни задачи за ангажирање на надворешни проценители (евалуатори) и предлага мерки преку работни тела и дава предлози и стручни мислења по начелни прашања од областа на користење претпристапните фондови на ЕУ за рурален развој во согласност со критериуми и механизми на финансирање, стратешките документи и договорите за ИПА, нивната конзистентност со стандардите на ЕУ и националните прописи и конзистентност со останатите ИПА компоненти и ЕУ и меѓународно финансиски инструменти,<br>–Се грижи за оддржување и унапредување на целокупниот систем на проценка на ефикасноста и ефективноста на спроведувањето претпристапна помош на ЕУ за рурален развој во согласност со напатствијата на Европската Комисија и критериумите и механизмите за следење на програмите за рурален развој во ЕУ,<br>-Учествува во работата работните и техничките тела и ја поддржува нивната работа,<br>–Подготвува предлог проекти и проектни задачи за изработка на студии и анализи за подобрување на мерките,<br>-Учествува и самостојно изработува студии и економски и финансиски анализи, |

| | |
|---|---|
| | –Прибирање на податоци, ставови и мислења од сите заинтересирани страни и припрема стручни одговори и образложенија во во врска со евалуација на мерките и Програмата,<br>-Предлага активности за планови за публицитет, комуникација и јавно информирање за мерките за подобрување на конкурентноста на земјоделско-прехрамбениот сектор за достигнување на стандардите на ЕУ и учествува во обуки,<br>–Изготвува планови за обука на корисници на претпристапната помош од ЕУ за рурален развој и едукативни материјали за публицитет, комуникација и јавно информирање, непосредно учествува во спроведување на кампањата за публицитет и подготвува и спроведува обуки на крајните корисници на програмскиот документ за користење и проценка на претпристапната помош од ЕУ за рурален развој. |

**Член 6**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 95, шифра УПР 01 01 В02 000, називот на работното место „Виш соработник за програмирање и проценка на ИПАРД фондови„ се менува и гласи: „Виш соработник за програмирање на ИПАРД фондови", во делот на извршители бројот „2" се заменува со бројот „1", во делот Вид на образование зборовите „Социологија, Организациски науки и управување (менаџмент), Јавна управа и администрација" се заменуваат со зборовите „Земјоделски и ветеринарни науки", а во делот на Работни задачи и обврски се додава нова алинеја која гласи: „–Изготвува стручни материјали и информации потребни за процесот на програмирање и измени и дополнување на Програмата,".

**Член 7**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите во табеларниот приказ на работни места по работното место со реден број 95, се додава ново работно место со реден број 95-а, шифра УПР 01 01 В02 000 Виш соработник за проценка на ИПАРД фондови кое гласи:

| 5.0 СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕТПРИСТАПНИ ФОНДОВИ НА ЕУ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ (ИПАРД) | |
|---|---|
| 5.1 Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите | |
| Реден број | 95-а |
| Шифра | УПР 01 01 В02 000 |
| Ниво | В2 |
| Звање | Виш соработник |
| Назив на работно место | Виш соработник за проценка на ИПАРД фондови |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Општествени науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Подготовка на стручни материјали и информации за процесот на програмирање и проценка на влијанието на мерките од Програмскиот документ за користење на претпристапната помош од ЕУ за рурален развој. |
| Работни задачи и обврски | –Изготвува стручни материјали и информации потребни за процесот на проценка и предлага измени и дополнување на Програмата,<br>-Следење на реализација на договорот за независна проценка на ефикасноста и ефективноста на користењето на претпристапната помош на ЕУ за рурален развој согласно Внатрешните процедури за работа и прирачниците на Европската Комисија и критериумите и |

| | |
|---|---|
| | механизмите за следење и проценка на програмите за рурален развој во ЕУ,<br>–Го следи процесот на независна проценка, ја поддржува работата на независните проценители и изготвува редовни извештаи за процесот на проценка,<br>-Изготвува матрица за имплементација на наодите од независната проценка и го следи спроведувањето на предвидените активности,<br>–Учествува во процесот на изработка на акти, процедури и упатства за работа и дава свои предлози за подобрување на ефикасноста на работните процеси за имплементација на функциите на одделението,<br>-Учествува во подготовката на релевантни документи и извештаи за проценка во согласност со работата на Комитетот за следење,<br>–Одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите согласно Внатрешните процедури за работа и прирачниците на Европската Комисија. |

**Член 8**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите во табеларниот приказ на работни места работното место со реден број 97, шифра УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник за поддршка на програмските функции во делот на извршители бројот „3" се заменува со бројот „2", во делот Вид на образование зборовите „ Економски, Социологија, Јавна управа и администрација" се заменуваат со зборовите „Општествени науки".

**Член 9**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 98, шифра УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник за програмирање на ИПАРД фондови во делот на извршители бројот „2" се заменува со бројот „1", во делот Вид на образование зборовите „Заштита на растенија, Прави науки, Јавна управа и администрација" се заменуваат со зборовите „Земјоделски и ветеринарни науки ".

**Член 10**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за следење на спроведувањето на ИПАРД фондови и известување во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 99, шифра УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение за следење на спроведувањето на ИПАРД фондови и известување во делот Вид на образование зборовите „Наука за земјиштето и хидрологија, Лозарство, Овоштарство" се заменуваат со зборовите „Земјоделски и ветеринарни науки".

**Член 11**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за следење на спроведувањето на ИПАРД фондови и известување во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 100, шифра УПР0101В01000 Советник за следење и известување за спроведувањето на ИПАРД фондови во делот на извршители бројот „2" се заменува со бројот „1", во делот Вид на образование зборовите „Прави науки, Организациски науки и управување (менаџмент), Јавна управа и администрација" се заменуваат со зборовите „Земјоделски и ветеринарни науки", во делот Работни цели зборовите „Подготвување на документи и предлог проекти за спроведување на ИПАРД фондовите во одделението" се заменуваат со зборовите „Подготвување на документи и извештаи за спроведување на ИПАРД фондовите во согласност со Внатрешните прирачници за работа во одделението" и во делот Работни задачи и обврски последната алинеја „-Како координатор за воспоставување на еднакви можности на мажите и жените одговорен за спроведување на должностите во надлежност на министерството, соработува и е должен еднаш годишно до Министерството за труд и социјална политика да достави извештај за

работа и истиот да го објави на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство“ се брише.

| 5.0 СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕТПРИСТАПНИ ФОНДОВИ НА ЕУ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ (ИПАРД) | |
|---|---|
| 5.2 Одделение за следење на спроведувањето на ИПАРД фондови и известување | |
| Реден број | 100 |
| Шифра | УПР0101В01000 |
| Ниво | В01 |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | Советник за следење и известување за спроведувањето на ИПАРД фондови |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Земјоделски и ветеринарни науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Подготвување на документи и извештаи за спроведување на ИПАРД фондовите во согласност со Внатрешните прирачници за работа во одделението |
| Работни задачи и обврски | –Подготвува проектни задачи за воспоставување на систем за следење на Програмскиот документ за користење на претпристапната помош од ЕУ за рурален развој, за изградба на систем за следење преку креирање на дата база и проток на информации од релевантни извори, за квалитативна и квантитативна анализа на спроведувањето на Програмскиот документ за користење на претпристапната помош од ЕУ за рурален развој и останати активности за следење финансирани од мерката за Техничка помош од Програмскиот документ за користење на претпристапната помош од ЕУ за рурален развој,<br>-Изготвува предлог финансиски план за реализација на активностите за следење на Програмскиот документ за користење на претпристапната помош од ЕУ за рурален развој за целокупниот период на спроведување,<br>–Врши контрола и верификација на прибраните податоци за системот на следење на програмскиот документ за користење на претпристапна помош на ЕУ за рурален развој од надворешни институции или организации, особено од Агенцијата за финансиска поддршка за земоделството и руралниот развој (ИПАРД Агенција) во поглед на спроведување на мерките согласно наведени индикатори и финансиски показатели,<br>–Врши стручно оперативни и аналитички задачи и активности за прибирање на финансиски и статистички информации за следење на прогресот на Програмскиот документ за користење на претпристапната помош од ЕУ за рурален развој во согласност со напатствијата на ЕК и со употреба на компјутерски систем,<br>–Обезбедува поддршка на работата на Комитетот за следење преку изготвување и доставување на документи и акти и изготвува извештаи за Комитетот за следење на ИПА и Европската Комисија и обезбедува секретаријатски услуги на членовите и претседателот на Комитетот,<br>– Воспоставува и го координира системот на прибирање и размена на информации за следење на спроведувањето на програмскиот документ за претпристапна помош на ЕУ за рурален развој и подготовка на годишни и финални извештаи за спроведување на програмскиот документ, |

| | |
|---|---|
| | –Изготвува детални процедури за реализација на функциите во надлежност на одделението и упатства и процедури за работните процеси. |

**Член 12**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за следење на спроведувањето на ИПАРД фондови и известување во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 101, шифра УПР 01 01 В02 000 Виш соработник за следење и известување за спроведувањето на ИПАРД фондови во делот на извршители бројот „2" се заменува со бројот „1", а во делот Вид на образование зборовите „Прави науки, Економски науки, Јавна управа и администрација" се заменуваат со зборовите „Општествени науки".

**Член 13**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за следење на спроведувањето на ИПАРД фондови и известување во табеларниот приказ на работни места по работното место со реден број 101, се додава ново работно место со реден број 101-а, шифра УПР 01 01 В02 000 Виш соработник за координација на работата на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата кое гласи:

| 5.0 СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕТПРИСТАПНИ ФОНДОВИ НА ЕУ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ (ИПАРД) | |
|---|---|
| 5.2 Одделение за следење на спроведувањето на ИПАРД фондовите и известување | |
| Реден број | 101-а |
| Шифра | УПР 01 01 В02 000 |
| Ниво | В2 |
| Звање | Виш соработник |
| Назив на работно место | Виш соработник за координација на работата на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Општествени науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Организација на состаноците на Комитетот за следење на програмскиот документ, реализација на одлуките и заклучоците донесени на состаноците на Комитетот, секретаријатска поддршка на работата на Претседавачот на Комитетот. |
| Работни задачи и обврски | -Подготвува документи и акти директно поврзани со воспоставување и работење на Комитетот за следење и се грижи за почитување на Деловникот за работа на Комитетот за следење.<br>-Ја координира работата на Комитетот за следење и неговите работни групи и ги подготвува заклучоците и одлуките кои произлегуваат од работата и состаноците на Комитетот.<br>-Обезбедува секретаријатска поддршка на Претседавачот на Комитетот за следење.<br>–Изготвува релевантни документи и извештаи за работата на Комитетот за следење и предлага заклучоци.<br>-Подготвува проектни задачи за користење на средства од мерката техничка помош од ИПАРД за организација на состаноци на Комитетот за следење.<br>–Соработува во процесот на акредитација на Телото за управување за својот делокруг на надлежности. |

**Член 14**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за следење на спроведувањето на ИПАРД фондови и известување во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 102, шифра УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник за поддршка на следење и координација во делот на извршители бројот „2" се заменува со бројот „1", а во делот Вид на образование зборовите „Јавна управа и администрација, Економски, Правни науки" се заменуваат со зборовите „Општествени науки ".

**Член 15**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 104, шифра УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови во делот Вид на образование зборовите „Политички науки, Економски, Организациони науки и управување (менаџмент)" се заменуваат со зборовите „Земјоделски и ветеринарни науки ".

**Член 16**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 105, шифра УПР 01 01 В01 000 Советник за техничка подготовка, спроведување на набавки и следење договори во делот на извршители бројот „2" се заменува со бројот „1", а во делот Вид на образование зборовите „Наука за земјиштето и хидрологија, Економски, Правни науки" се заменуваат со зборовите „Земјоделски и ветеринарни науки ".

**Член 17**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 106, шифра УПР 01 01 В01 000 Советник за информирање и публицитет во делот Вид на образование зборовите „Политички, Правни, Економски науки" се заменуваат со зборовите „Земјоделски и ветеринарни науки ".

**Член 18**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови Во табеларниот приказ на работни места по работното место со реден број 106, се додава ново работно место со реден број 106-а, шифра УПР 01 01 В02 000 Виш соработник за техничка подготовка, спроведување на набавки и следење договори и тоа:

| 5.0 СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕТПРИСТАПНИ ФОНДОВИ НА ЕУ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ (ИПАРД) | |
|---|---|
| 5.3 Одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови | |
| Реден број | 106-а |
| Шифра | УПР 01 01 В02 000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Виш соработник |
| Назив на работно место | Виш соработник за техничка подготовка, спроведување на набавки и следење договори |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Општествени науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Следење на спроведување на техничка помош на ИПАРД фондови. |
| Работни задачи и обврски | -Изготвува техничка спецификација и останата документација за тендерското досие согласно Практичниот прирачник на Европската |

| | |
|---|---|
| | Комисија за надворешна помош (ПРАГ) и соодветните Прирачници за внатрешните постапки за спроведување на јавни набавки за спроведување на техничката помош,<br>–Спроведува ефикасно истражување, проучување, на документи во одделението од технички аспект согласно Практичниот прирачник на Европската Комисија за надворешна помош (ПРАГ),<br>–Спроведува тендерска постапка и постапки за склучувањето на договорите за проектите финансирани од ИПАРД фондовите согласно Практичниот прирачник на Европската Комисија за надворешна помош (ПРАГ) и соодветните Прирачници за внатрешните постапки за спроведување на јавни набавки за спроведување на техничката помош,<br>–Врши подготовката на најава за склучување на договор, огласот за набавки и критериумите за оценување согласно податоците од тендерските досиеа,<br>-Се грижи за објавата за тендери на траспарентен начин согласно Практичниот прирачник на Европската Комисија за надворешна помош (ПРАГ),<br>-Подготвува извештаи за процесот на евалуација и предквалификација,<br>–Изготвува договори, административни налози и анекси на договорите,<br>–Води грижа за месечното ажурирање на распоредот на тендерските постапки. |

**Член 19**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 107, шифра УПР 01 01 В03 000 Соработник за следење на договори во делот Вид на образование зборовите „Политички науки, Правни науки, Растително производство" се заменуваат со зборовите „Земјоделски и ветеринарни науки ".

**Член 20**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во Одделение за спроведување на техничка помош од ИПАРД фондови во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 108, шифра УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник за спроведување на набавки во делот Вид на образование зборовите „Политички науки, Добиточно производство (сточарство), Јавна управа и администрација" се заменуваат со зборовите „Општествени науки".

**Член 21**

Во табеларниот приказ на работни места по работното место со реден број 108, се додава ново работно место со реден број 108-а со следниве карактеристики:

| 5.0 СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕТПРИСТАПНИ ФОНДОВИ НА ЕУ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ (ИПАРД) | |
|---|---|
| **5.3 Одделение за спроведуваље на техничка помош од ИПАРД фондови** | |
| Реден број | 108-а |
| Шифра | УПР 01 01 В04 000 |
| Ниво | В4 |
| Звање | Помлад Соработник |
| Назив на работно место | Помлад соработник за информирање и публицитет |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Земјоделски и ветеринарни науки |

| | |
|---|---|
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Подготовка за информирање и публицитет. |
| Работни задачи и обврски | -Изготвува годишен план за спроведување на активности за информирање и публицитет согласно Комуникацискиот план за информирање и публицитет на ИПАРД фондови и се грижи за негова реализација,<br>-Ја следи реализацијата на активностите за информирање и публицитет и изготвува прогрес извештаи,<br>-Изготвува мислења и информации од делокругот на информирање и публицитет<br>-Учествува во подготовката на релевантни документи и извештаи во согласност со работата на Комитетот за следење,<br>-Се грижи за редовно ажурирање и одржување на web – страната на Телото за управување со ИПАРД . |

**Член 22**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), се брише „Одделение за координација на подготвителни активности за агро-еколошки мерки и „ЛЕАДЕР" од ИПАРД фондови„.

**Член 23**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во табеларниот приказ на работни места работното место со реден број 110, шифра УПР 01 01 Б04 000 Раководител на одделение за координација на подготвителни активности за агро-еколошки мерки и „ЛЕАДЕР" од ИПАРД фондови се брише.

**Член 24**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во табеларниот приказ на работни места работното место со реден број 111, шифра УПР 01 01 В01 000 Советник за агро-еколошки мерки се брише.

**Член 25**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во табеларниот приказ на работни места работното место со реден број 112, шифра УПР 01 01 В01 000 Советник за координација на подготовки за ЛЕАДЕР се брише.

**Член 26**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во табеларниот приказ на работни места работното место со реден број 113, шифра УПР 01 01 В02 000 Виш соработник за евиденција на локални акциски групи се брише.

**Член 27**

Во членот 21 - Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД), во табеларниот приказ на работни места работното место со реден број 114, шифра УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник за административна поддршка и евиденција се брише.

**Член 28**

Во членот 23 - Сектор за прекршоци во Одделение за следење на извршување на прекршоците во табеларниот приказ на работни места кај работното место со реден број 137, шифра УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт за информативно-документациони работи во делот Вид на образование зборовите „ССС – Гимназија или Економски, Правен техничар" се заменуваат со зборовите „ Вишо/Средно гимназиско или стручно образование ".

Член 29

Вработените во Одделение за координација на подготвителни активности за агро-еколошки мерки „ЛЕАДЕР„ од ИПАРД фондови„ ќе бидат прераспределени на работни места во рамките на Сектор за управување со претпристапни фондови на ЕУ за рурален развој (ИПАРД).

Член 30

Согласно извршените измени во интегралниот текст на правилникот се вршат изменувањата и дополнувањата и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот.

Член 31

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

МИНИСТЕР,
Љупчо Николовски

Бр.04-13627/1
27.12.2022 година
Скопје